Врз основа на член 23 од Статутот на Сојуз на здруженија на пензионерите на Македонија, Извршниот одбор на седницата одржана на 15.12.2019 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

### I ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Финансискиот план на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија се состои од:

I Вкупни приходи 9.452.000 денари

- Приходи од членарина 8.725.000 денари
- Приходи од донации 130.000 денари
- Приходи од спонзорства 100.000 денари
- Приходи од Кобрендирана картичка 80.000 денари
- Приходи од Инвлид. здруженија 27.000 денари
- Приходи од реклами 360.000 денари
- Приходи од инвалидски здруженија 25.000 денари
- Други приходи 5.000 денари

II Вкупни расходи 9.452.000 денари

- Функционални расходи 5.020.000 денари
- Интелектуални услуги 1.412.000 денари
- Други трошоци 3.020.000 денари

Член 2

Приходите по видови и расходите по намени се утврдуваат како следи:

1.Вкупни приходи

| Конто | НАЗИВ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ПРИХОДИ | План 2021 | Оценка 2021 | План 2022 | 2022/2021 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 7301 | Членарина | 8.660.000 | 8.600.000 | 8.725.000 | 101,45 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7302 | Донации | 200.000 | 130.000 | 130.000 | 100,00 |
| 7303 | Спонзорства | 150.000 | 61.000 | 100.000 | 163,93 |
| 7304 | Кобрендирана картичка | 120.000 | 80.000 | 80.000 | 100,00 |
| 7305 | Инвалидски здруженија | 30.000 | 28.000 | 27.000 | 96,43 |
| 7810 | Приходи од реклами | 350.000 | 350.000 | 360.000 | 102,86 |
| 7819 | Камати и други приходи | 70.000 | 4.000 | 5.000 | 125,00 |
| | Вкупно приходи | 9.580.000 | 9.253.000 | 9.452.000 | 101,50 |

2.Вкупни расходи

| Конто | Вид на расходи | План 2021 | Оценка 2021 | План 2022 | 5./4. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 400 | Материјали | 270.000 | 170.000 | 180.000 | 105,88 |
| 403 | Услуги | 440.000 | 450.000 | 550.000 | 122,22 |
| 404 | Превозни и транспорни услуги | 25.000 | 10.000 | 15.000 | 150,00 |
| 405 | Репрезентација | 350.000 | 250.000 | 350.000 | 140,00 |
| 408 | Наемнина | 75.000 | 65.000 | 65.000 | 100,00 |
| 409 | Други материјали | 240.000 | 150.000 | 150.000 | 100,00 |
| | Вкупно: | 1.400.000 | 1.095.000 | 1.310.000 | 115,07 |
| | Функционални расходи | | | | |
| 40951 | Собрание | 250.000 | 200.000 | 200.000 | 100,00 |
| 40952 | Извршен одбор | 300.000 | 150.000 | 200.000 | 133,33 |
| 40953 | Надзорен одбор | 60.000 | 10.000 | 50.000 | 500,00 |
| 409531 | Ком.за Меѓународна соработка | 50.000 | 20.000 | 20.000 | 100,00 |
| 409532 | Правно-економски форум | 50.000 | 20.000 | 50.000 | 250,00 |
| 409533 | Спорт и спортски активности | 450.000 | 450.000 | 800.000 | 177,78 |
| 4095341 | Комисија за спорт | 85.000 | 50.000 | 85.000 | 170,00 |
| 409534 | Културно забавен живот | 660.000 | 600.000 | 850.000 | 141,67 |
| 4095341 | Комисија за кул.забавен живот | 85.000 | 85.000 | 85.000 | 100,00 |
| 409535 | Комисија за здравство | 100.000 | 20.000 | 50.000 | 250,00 |
| 409536 | Комисија за информирање | 50.000 | 20.000 | 50.000 | 250,00 |
| 409538 | Комисија за статут | 50.000 | 20.000 | 50.000 | 250,00 |
| 409539 | Пензионер плус | 1.650.000 | 1.750.000 | 1.750.000 | 100,00 |
| 409534 | Одбор на Регист .организација | 50.000 | 20.000 | 50.000 | 250,00 |
| 409541 | Обработка на податоци од ПИОСМ | 30.000 | | 30.000 | |
| 409542 | Работилница сметководство | | | 40.000 | |
| 409543 | Работилница новинари | | | 40.000 | |
| 409590 | Други расходи | 200.000 | 150.000 | 150.000 | 100,00 |
| 409591 | Трошоци за јубилеј | 179.457 | 179.457 | | 0,00 |
| 409592 | Културно творештво | 250.000 | 200.000 | 250.000 | 125,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4095921 | Комисија за културно творештво | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 100,00 |
| 409593 | Социјална карта | 50.000 | 20.000 | 20.000 | 100,00 |
| 409595 | Ком.за меѓугенер соработка | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 100,00 |
| 409596 | Ало пензионерски прашања | 50.000 | 60.000 | 70.000 | 116,67 |
| 409597 | Координативни тело | 100.000 | 50.000 | 50.000 | 100,00 |
| 409598 | Ком.за старски и пензионер. домови | 100.000 | 20.000 | 50.000 | 250,00 |
| | **Вкупно функционални расходи** | **4.879.457** | **4.124.457** | **5.020.000** | 121,71 |
| 410 | Провизија платен промрт | 153.000 | 120.000 | 150.000 | 125,00 |
| 412 | Премии за осигурување | 60.000 | 30.000 | 30.000 | 100,00 |
| 413 | Дневни и патни трошоци | 340.543 | 250.000 | 300.000 | 120,00 |
| | Вкупно: | | | 480.000 | |
| **417** | **Инелектуални услуги** | **1.412.000** | **1.412.000** | **1.412.000** | 100,00 |
| | | | | | |
| 418 | Останати расходи | 5.000 | 10.000 | 10.000 | 100,00 |
| 420 | Меѓународна соработка | 50.000 | 50.000 | 60.000 | 120,00 |
| 430 | Пренесени средства | 80.000 | 80.000 | 160.000 | 200,00 |
| 440 | Градежни објекти | 1.100.000 | 1.100.000 | 500.000 | 45,45 |
| 441 | Средства за опрема | 100.000 | 100.000 | 500.000 | 500,00 |
| | Вкупно: | | 1.340.000 | 1.230.000 | 91,79 |
| | Се вкупно: | 9.580.000 | 8.371.457 | 9.452.000 | 112,31 |

Член 3

Се задолжува Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија да располага со средствата утврдени во Финансискиот план и се грижи за нивно наменско, рационално, ефикасно и економично користење, согласно позитивните прописи за финансиско работење на непрофитните организации.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на усвојувањето на Собранието на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, а ќе се применува од 1.01.2022 година

Извршниот одбор на СЗПМ
Претседател,
Станка Трајкова

Образложение
на предлог Финансиски план на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија за 2022 година

Финансискиот план на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија за 2022 година е изготвен согласно потребите за остварување на клучните цели и задачи на Сојузот удтврдени со Програмата за работа за 2022 година.
Проекциите на приходите во Финансискиот план базираат на:
*реализација на приходите во текот на 2021 година,
*бројот на корисници на пензија-членови на здруженија
*остварување на приходи од донации, спонзорства, реклами
Вкупните приходи се планирани во износ од 9.452.000 денари.
При планирањето на приходите за 2022 година земени се предвид оценките за остварување на приходите за 2020 година и очекуваните приходи во 2022 година.
Сојузот најголем дел од приходите ги остварува од приходите од членарина.Од вкупната членарина која се издвојува од пензионерите зачленети во здруженија во износ од 30,00 денари, 2,50 денари се приход на Сојузот, а 27,50 денари се приходи на здруженијата членки на Сојузот.
Врз основа на бројот на членови во здруженијата на пензионери и износот на членарината од 2,5 денари за Сојузот, приходите од членарина за 2022 година се планираат во износ од 8.725.000 денари , што преставува 92,3 % од вкупните приходи, додека од сите останати приходи се планираат средства во износ од 702.000 денари или 7,5%.
Вкупните расходи се планирани согласно потребите на Сојузот за реализација на предвидените цели и задачи со Програмата за работа во износ од 9.402.000 денари.
Во овие рамки

*расходите за функционални трошоци се планирани во износ од 5.020.000 денари или 53,1% од вкупните расходи,

*расходите за интелектуални услуги се планирани во износ од 1.412.000 денари или 14,94%,

*други расходи се планирани во износ од 2.970.000 денари или 31,95%

Во рамките на функционалните расходи, планираните средства ќе бидат наменети за следните активности и тоа:
- за организирање на регионални и републички спортски натпревари се планирани средства во износ од 800.000 денари, тргнувајќи од фактот дека спортувањето во поодминати години од животот овозможува да се одржува физичката и интелектуалната функција на човечкиот организам и да создава во здраво тело здрав дух, преку активно стареење на пензионерите,

- за организирање, на разни облици и форми на културно- уметнички и забавни дејности на здруженијата со организирање на ревии на песни, музика и игри, каде се вклучени голем број на пензионери кои манифестациите ги доживуват како нова можност и прилика за продолжување и негување на културното наследство на нашата држава, збогатено со изворното творештво каректеристично за поднебјето и регионите на кои припаѓаат. За оваа намена во Финансискиот план за 2020 година се предвидени 850.000 денари.

- за издавање на весник “Пензионер плус”, и”, весникот “Коха”, Веб-страната на СЗПМ, објавување на билтени, брошури како и информирање преку останати медиуми, се планираат средства  во Финансискиот план на Сојузот во износ од 1.750.000 денари. Доброто информирање овозможува да се создаде реална слика за животот на пензионерите, за подобри пензионерски денови, за здраво и активно стареење.

- за подршка на  издавачка дејност и творештво се планирани средства во износ од 250.000 денари, за потикнување на творечкиот дух во третата доба.

- подршка за подобрување на условите за работа на здруженијата на пензионери и отварање на клубови на пензионери, за ова намена се планирани 160.000денари.

- за адаптација на работните простории кои Сојузот ги доби во 2021 година се планираат средства во износ од 500.000 денари и за опремување на истите се планираат средства во износ од 500.000 денари.

Со планираните вкупните приходи се планира дека ќе се реализират планираните активности и другите трошоци на Сојузот во 2022 година.

Скопје, декември 2021 година